# Клучни информации за инвеститорот

Овој документ содржи клучни информации за инвеститорите во овој фонд. Ова не претставува рекламен материјал. Информациите содржани во овој документ се пропишани со Закон и подзаконски акти со цел да им помогнат на инвеститорите при разбирање на природата на овој фонд и ризиците поврзани со инвестирањето во него.

Наш совет е внимателно да го прочитате за да можете да донесете информирана одлука за потенцијално инвестирање.

**ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО** Отворен инвестициски фонд управуван од страна на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови Фонд Менаџмент АД Скопје, со седиште на ул. бул. ,,Кочо Рацин” Бр. 3 влез 2 кат 3 и кат 4, Скопје, Идентификациски број: 9100000000253.

Овој фонд е основан со одобрение на Комисија за хартии од вредност на Р.С. Македонија, со Решение бр. УП1 08-319 од 23.01.2023 година.
Искажаните клучни информации се точни на ден **08.01.2026.**

## Цели и инвестициска политика

Паричните средства се прибираат преку продажба на удели во Фондот, а Друштвото истите ги вложува во согласност со одредбите од Законот, Проспектот и Статутот на Фондот. Сопствениците на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на фондот, како и во секое време да побараат исплата(откуп) на уделот и на тој начин да истапат од фондот.
Инвестицискиот фонд ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО за инвестициска цел има зголемување на вредноста на имотот, остварување на постојан раст на вредноста на уделот и високо ниво на сигурност при вложувањето.
Инвестициската цел на Фондот се остварува преку инвестирање претежно во должнички преносливи хартии од вредност (краткорочни и долгорочни) со фиксен принос, инструменти на пазарот на пари, депозити и инвестициски фондови со иста или слична стратегија на вложување.
Поголем дел од средствата на Фондот ќе бидат инвестирани во должнички хартии од вредност со фиксен принос и во депозити на овластени банки во Р. С. Македонија, додека мал дел може да бидат инвестирани во инвестициски фондови со иста или слична стратегија на издавачи чие седиште, односно претежна дејност се врши на територијата на следниве земји:
-Република Северна Македонија;
-Земји членки од ЕУ, ОЕЦД и ЦЕФТА;

До 10% од нето вредноста на Фондот може да биде инвестирана во инвестициски фондови со иста или слична стратегија на инвестирање чијашто провизија за управување не надминува 1% од нето вредноста на имотот на тој фонд на годишно ниво. Минимум 80%, а максимум 100% од нето вредноста на имотот на Фондот да биде инвестирана во должнички хартии од вредност со фиксен принос. До 20% од нето имотот на фондот може да биде инвестиран во парични средства и депозити во македонски банки. Фондот припаѓа на категоријата Флексибилни обврзнички инвестициски фондови, согласно Упатството за категоризација на инвестициски фондови на Комисијата за хартии од вредност. Фондот својот имот ќе го инвестира во диверзифицирана кошничка од хартии од вредност со фиксен принос, на тој начин овозможувајќи флексибилност за прилагодување на изложеноста на кредитниот квалитет, пазарите во развој и каматната стапка.
70% од имотот на фондот ќе биде деноминиран во евра, без валутно осигурување (hedging).

Приходот од камата остварен од депозитите, обврзниците или дивидендите од удели од ивестициски фондови во кои се вложува ќе биде реинвестиран.
Секој сопственик на удели од Фондот има право да бара откуп на одреден број или сите удели кои ги поседува и на тој начин да истапи од Фондот. Вредноста на секој поединечен удел се исплатува без одбитоци. Откупот на уделите се врши според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на проценка по поднесувањето на Барање за откуп на удели. Доколку Барањето за откуп е поднесено по 14:00 часот на тековниот ден, истото ќе се смета дека е примено наредниот ден. Барањата за откуп на удели примени во неработен ден, ќе се пресметуваат по цена на удел од првиот нареден работен ден.
**Препорака:** Овој фонд е подобен за инвеститори со среднорочен временски хоризонт на инвестирање, односно вложување на средствата на период од 1 до 10 години.

## Профил на ризичност и успешност

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|

← Понизок ризик
Понизок очекуван принос

Повисок ризик →
Повисок очекуван принос

Индикаторот за синтетички ризик и принос пресметан врз основа на волатилноста на цената на уделот на фондот, во согласност со методологијата на Комисија за хартии од вредност со датум 31.12.2025 е во ризична класа **3 .**

Историските податоци кои се користат за пресметка на синтетичкиот индикатор не треба да се сметаат за сигурен показател на идниот профил на ризичност на фондот. Категоријата на профил на ризичност и успешност не е гаранција дека истите ќе останат непроменети. Категоријата на ризик може да се промени со текот на времето. Најниската категорија не значи дека инвестирањето е без ризик.

Инвестициската политика, согласно која се гради портфолиото на Фондот ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО содржи содржи умерено ниво на ризик, кое е повисоко од ризикот карактеристичен за паричните фондови, а во исто време е понизок од ризикот на фондовите кои вложуваат во акции.

Видовите ризици од кои директно или индиректно зависи работењето на Фондот и неговите резултати, а не се опфатени на соодветен начин со синтетичкиот ризик се следниве:

**Пазарен ризик** - Зависи од движењето на пазарните цени на хартиите од вредност кои се составен дел на портфолиото на Фондот.

**Кредитен ризик** – Веројатност дека издавачот на одредена хартија од вредност нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги подмири своите обврски во моментот кога тие ќе доспеат.

**Каматен ризик** - Промената на каматните стапки може позитивно или негативно да се одрази на вредноста на средствата на Фондот, бидејќи поголемиот дел од средствата ќе бидат инвестирани во должнички хартии од вредност со фиксен принос и депозити во овластени банки во Р. С. Македонија.

**Валутен ризик** - се јавува при промената на цената на една валута во однос на друга.

**Ликвиден ризик** – Веројатност дека Фондот во одреден момент ќе има потешкотии при изнаоѓање на средства за да ги подмири обврските поврзани со повлекување на удели од Фондот како резултат на неможноста брзо да се продадат финансиските средства по цена приближно еднаква на нивната реална вредност, пред сé поради моменталната неповолна побарувачка на пазарот.

**Политички ризик** – Веројатност од евентуални политички кризи во земјите во коишто инвестирал Фондот согласно овој Проспект, може да доведе до промена на имотот на Фондот.

**Ризик од промена на даночните прописи** – Веројатност дека законодавната власт, во Република Македонија или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно би влијаел на приносот на Фондот.

**Оперативен ризик** - ги сумираат сите неизвесноти кои се составен дел од секојдневните деловни активности на Друштвото. Истите може да произлезат од пропусти во внатрешните процеси, човечки., информатички, правни и системски грешки.

## Трошоци

| Еднократни трошоци кои се настануваат пред или по вашето вложување*: | |
|---|---|
| Влезни трошоци | 5,00% од износот на еднократна уплата |
| Излезни трошоци | 1,00% од вредноста на откупените удели |
| Ова е максимален процент кој би можел да се одбие од превземената обврска на инвеститорот кон Фондот. | |
| **Трошоци на фондот во текот на годината** ** | |
| Тековни трошоци | **1,3226%** |

*влезните и излезните трошоци секогаш се искажуваат во највисок износ. Во определени ситуации инвеститорот може да плати помал износ. Излезниот трошок не се наплатува доколку се изминати повеќе од три години од моментот на вложување. Инвеститорот може да ја дознае реалната висина на влезните надоместоци кај инвестицискиот советник или инвестициски агент.

**ги вклучуваат сите годишни трошоци и други плаќања од имотот на отворениот инвестициски фонд. Истото се темели на трошоците од претходната година која завршува во декември 2025. Истиот тој износ може да се разликува од година во година. Трошоците кои се на товар на фондот се користат за намирување на трошоците за секојдневното работење на о.и.ф., вклучувајќи ги и трошоците за маркетинг и дистрибуција. Овие трошоци може да го намалат потенцијалниот раст на вложувањата.

***Подетални информации за трошоците вклучувајќи го и начинот на пресметка може да се најдат во Проспектот на фондот во точка 6. Начин на пресметување на износот на надоместоците и трошоците за Друштвото, депозитарната банка или трети лица на товар на имотот на фондот или инвеститорот.***

## Историски принос




**ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО започна со работа на ден 30.01.2023.**
Приносот во минатото има само информативен карактер и не претставува индикација за можниот принос во иднина. Историскиот принос е пресметан преку цената на удел изразена во македонски денари. Во графичкиот приказ е прикажан историскиот принос на фондот од денот на основање, нето, односно после наплатени тековни трошоци изразени во Табела 1.

## Практични информации

- Статутот, Проспектот на Фондот, како и полугодишни и годишни извештаи и движењето на цената на уделот на Фондот се бесплатно достапни на интернет страницата (https://www.wvpfondovi.mk/mk/) или во просториите на Друштвото;
- Останати практични информации може да се добијат во просториите на Друштвото или преку телефонска/емаил комуникација(+02 3280 082/contact@wvpfondovi.mk);
- Депозитарна банка: Комерцијална Банка АД Скопје, ул. Орце Николов бр. 3, 1000 Скопје
- ВФП Фонд Менаџмент за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во документот со клучни информации

Со потпис на овој документ, инвеститорот потврдува дека го прочита документот и се согласува неговите податоци да бидат чувани и обработувани од страна на Друштвото за управување со отворени и затворени фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје и ВФП Групацијата.

**Потпис на инвеститорот**

_______________________